РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
Градежништво и заштита на животната средина
број:11-820/3 од 04.11.2026год.
(постапка бр.84448)

Градоначалникот на Општина Гевгелија, решавајќи по барањето на ДЗПЗ ,,Агро Вардарие,, дооел Гевгелија, поднесено преку информацискиот систем е-урбанизам (постапка бр.84448), поднесено под бр.11-820/1 од 26.10.2026год. за одобрување на Проектна програма, врз основа на член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26), го издава следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува **Проектна програма** за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г5.5-Хангари за земјоделски машини и складишта за материјали за земјоделски производи на КП 2588/1, дел од КП 2600, дел од КП 2623/1, дел од КП 2596 и КП 2601 КО Негорци, општина Гевгелија со тех.бр.04-37/2026/2 од август 2026 изработена од ДПТУ ,,Про-Инженеринг,, доо Тетово.

О б р а з л о ж е н и е

Барателот на ДЗПЗ ,,Агро Вардарие,, дооел Гевгелија ЕМБС 6118135 со седиште на Граничен Премин Богородица 1-1, Гевгелија, поднесе барање за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г5.5-Хангари за земјоделски машини и складишта за материјали за земјоделски производи на КП 2588/1, дел од КП 2600, дел од КП 2623/1, дел од КП 2596 и КП 2601 КО Негорци, општина Гевгелија со тех.бр.04-37/2026/2 од август 2026 изработена од ДПТУ ,,Про-Инженеринг,, доо Тетово.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

- Полномошно од ДЗПЗ ,,Агро Вардарие,, дооел Гевгелија заверено со деловоден број 0306/148 од 04.12.2023год.(pdf формат);
- Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г5.5-Хангари за земјоделски машини и складишта за материјали за земјоделски производи на КП 2588/1, дел од КП 2600, дел од КП 2623/1, дел од КП 2596 и КП 2601 КО Негорци, општина Гевгелија;
- Услови за планирање на просторот за ханфари за земјоделски машини и складишта за материјали за земјоделски производи, издадени од Агенцијата за планирање на просторот (pdf формат);
- Решение за услови за планирање на просторот Арх.бр.15-1196/2024 од 08.07.2024год. (pdf формат);

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1049/1 од 31.07.2026год., по разгледување на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр.11-820/2 од 28.10.2026год. даден од Комисија за урбанизам.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26).

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Андон Сарамандов,

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2026.11.04 09:45:20 +01'00'